За првпат Црвен крст на град Скопје беше дел од националната кампања Безбедност во сообраќајот како институција која со своите материјални и човечки капацитети може, а и сака да даде свој придонес во реализација на истата.

Целта на кампањата беше едукација за сообраќајна култура со акцент на подигање на нивото на безбедноста на учесниците во сообраќајот со посебен осврт на улога на Црвениот крст. Под мото: Внимавај!Улицата има свои правила. Но за подцели ни беа зацртани промовирање на активности на Црвен крст како зајакнување на соработката со другите институции надлежни за проблематиката (Министерство за внатрешни работи и службата за брза помош). За таа цел ги организиравме следните активности: 1.Симулативна вежба во центарот на градот на која се демонстрираше пружање на прва помош, истата се оддржа на плоштадот Пела во центарот на градот; 2.Предавање за младите од клубот за сообраќајните незгоди-презентација изработена од страна на Полицијата; 3.Предавања по основни училишта, безбедноста во сообраќајот како и основни насоки за првата помош во соработка со ООЦК на град Скопје; 4.зработка на рефлектирачки беџеви за безбедност во сообраќајот наменети на горе наведените целни групи; 5.Изработка на мини едукативни памфлети за културата во сообраќајот, заштита на сопствениот живот и начини на кои секој може да помогне во случај на несреќа;